ОПШТИНА БУТЕЛ
Комисија за разгледување и утврдување на предлог
за членови на Иницијативен одбор за конституирање
на Локално собрание на млади на Општина Бутел

Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/20), а согласно Одлуката за давање согласност за распишување Јавен повик за формирање Иницијативен одбор за конституирање на Локално собрание на млади на Општина Бутел („Службен гласник на Општина Бутел“ бр.3/23), Општина Бутел објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## *за формирање Иницијативен одбор за конституирање на Локално собрание на млади на Општина Бутел*

Јавниот повик се распишува за формирање Иницијативен одбор во Општина Бутел, кои ќе бидат дел од иницијативата за основање Локален младински совет во Општина Бутел.

Иницијативниот одбор е составен од пет члена и единствено тие членови имаат улога да го формираат Локалното собрание на млади.

Времетраењето на Иницијативниот одбор е краткорочно и завршува со свикување на првото Локално собрание на млади.

Општина Бутел ја спроведува постапката за избор на членови на Иницијативниот одбор за конституирање на Локално собрание на млади на Општина Бутел, а работата на истото се координира и помага од службеникот за млади во Општина Бутел.

***УЛОГА И ЗАДАЧИ НА ИНИЦИЈАТИВНИОТ ОДБОР:***

- Распишување повик за конститутивното Локално собрание на млади во согласност со Статутот на Општината по принципот на јавност и транспарентност;
- Соработка со Општината при организација и одржување на конститутивното Локално собрание на млади.

***ВО ИНИЦИЈАТИВНИОТ ОДБОР МОЖЕ ДА ЧЛЕНУВААТ ПРЕТСТАВНИЦИ ОД:***

- Младински организации;
- Организации за млади;
- Политички подмладоци;
- Ученички организации;
- Студентски организации;
- Други облици на младинско здружување кои работат и функционираат на територијата на Општината и сакаат да учествуваат во основањето на Локалниот младински совет.

ОПШТИНА БУТЕЛ
Комисија за разгледување и утврдување на предлог
за членови на Иницијативен одбор за конституирање
на Локално собрание на млади на Општина Бутел

***ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ДОКУМЕНТИ:***
- Портфолио на организацијата / групата / здружението,
- Извештај за активности со млади во изминатата година,
- Пријава за номинација на претставник за член во Иницијативниот одбор и контакт информации,
- Изјава за согласност за користење на лични податоци од номинираното лице,
- Изјава за согласност за прифаќање на номинацијата од номинираното лице за член во Иницијативниот одбор и
- Кратко мотивациско писмо од страна на номинираниот член и кратка биографија.

***КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР:***
- Да бидат жители на Општина Бутел;
- Да бидат на возраст од 15 до 29 години и
- Да бидат креативни и способен за индивидуална и тимска работа

***НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ:***
Јавниот повик и потребните образци за аплицирање, подносителите можат да ги подигнат од Архивата на Општина Бутел или на веб страната на Општина Бутел https://opstinabutel.gov.mk/

Потребната документација треба да се достави до Општина Бутел, преку пошта на адреса: Бутелска бр.4, 1000 Скопје, или во Архивата на Општина Бутел, со назнака:

***“Јавен повик за избор на членови на Иницијативен одбор за конституирање Собрание на млади на Општина Бутел”***

Апликациите се доставуваат во затворен и запечатен коверт, без означување на лицето или субјектот кој ја поднесува документацијата.
Апликациите кои содржат нецелосни податоци и некомплетна документација, како и тие што нема да бидат доставени во наведениот рок, нема да бидат предмет на разгледување.

Рок за пријавување: **8** работни дена од денот на објавување на Јавниот повик.

Број **17-791/2**, **16.05.2023** година

Комисија за разгледување и утврдување на предлог
за членови на Иницијативен одбор за конституирање
на Локално собрание на млади на Општина Бутел

ОПШТИНА БУТЕЛ

*Образец на пријава за номинација*

**ПРИЈАВА**

за номинација на претставник од форми на организирање и здружување на млади за член во Иницијативен одбор кој ќе учествува во процесот на конституирање на Локалното собрание на млади на Општина Бутел

**1. Податоци за подносителот на Пријавата:**

Име и презиме на одговорното лице на младинската организација / здружение / друга форма на организирање и здружување, подносител на пријавата_______________________________________________________
со адреса на живеење:_______________________________________________
тел.______________е-пошта:__________________________________________
на возраст____________(години).

**2. Податоци за младинската организација / здружение / друга форма на организирање или здружување:**

Име на младинската организација / здружение / форма на организирање и здружување, подносител на пријавата:

_________________________________________________________________,
со седиште: _________________________________________________________
(адреса), ____________________(град / општина).

3. **Вид на организацијата / здружението / формата на организирање и здружување и област на делување** (да се наведе и краток опис на областа на делување: култура, спорт, политика, ученичка, студентска организација и др.) **со обележување / заокружување на понудените опции:**

| Да се наведе **една од формите** на организирање и здружување на млади, подносител на Пријавата (со обележување / заокражување и краток опис) | Да се наведе **област на делување** на организацијата / здружението / формата на организирање и здружување | Дали е **регистрирана во Централен регистар** (да се одговори со обележување / заокружување): |
|---|---|---|
| ☐ Младинска организација | | ДА НЕ |
| ☐ Организација на млади | | ДА НЕ |
| ☐ Политички подмладок | | ДА НЕ |
| ☐ Ученичка организација | | ДА НЕ |
| ☐ Студентска организација | | ДА НЕ |
| ☐ Друг облик на младинско здружување (да се наведе): | | ДА НЕ |

**4. Номининирање на претставник:**

Од нашата организација / здружение / друга форма на организирање и здружување на младите го номинираме следното лице за член во Иницијативниот одбор:

| Бр. | Име и презиме на номинираното лице | Возраст | Адреса на живеење | Контакт тел | Контакт е-пошта |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

**5. Во прилог на оваа Пријава доставуваме:**

☐ Портфолио на организацијата / групата / здружението;
☐ Извештај за активности со млади во изминатата година;
☐ Пријава за номинација на претставник за член во Иницијативниот одбор и контакт информации;
☐ Изјава за согласност за користење на лични податоци од номинираното лице;
☐ Изјава за согласност за прифаќање на номинацијата од номинираното лице за член во Иницијативниот одбор и
☐ Кратко мотивациско писмо од страна на номинираниот член и кратка биографија.

**Датум: _____________**

**__________________________**
**(име, презиме и потпис на подносителот на Пријавата)**

**Место: _____________**

ОПШТИНА БУТЕЛ

*Образец на Изјава за согласност за користење на лични податоци од номинираното лице*

**ИЗЈАВА**

за согласност за користење на лични податоци од номинирано лице

Јас, ________________________________________, (*име и презиме на номинираното лице*), со ЕМБГ ____________________________________, со адреса на живеење: __________________________________________, од ___________ (*град / општина*), жител на ______________ (*град / општина*), на возраст ___________ години,

номиниран/а од организацијата / здружението / друга форма на здружување и организирање на млади (*да се наведе*):
_____________________________________________________________,
за претставник/чка во Иницијативниот одбор за конституирање на Локалното собрание на млади во Општина Бутел, во согласност со одредбите од Законот за заштита на личните податоци, изјавувам, односно давам согласност Општина Бутел да може да ги употребува, обработува и користи моите лични податоци за спроведување на постапката за формирање на Локално собрание на млади на Општина Бутел.

___________________________________

**(име, презиме и потпис на изјавителот)**

**Датум:** _____________

**Место:** _____________

*Забелешка: Оваа Изјава ја пополнува секое номинирано лице*

ОПШТИНА БУТЕЛ

*Образец на Изјава за согласност за прифаќање на номинација*

**ИЗЈАВА**
(од номинирано лице)

за согласност за прифаќање на номинацијата за претставник/чка
во Иницијативниот одбор за конституирање на Локалното собрание на млади
на Општина Бутел

Јас,_________________________________________, (*име и презиме на номинираното лице*), со ЕМБГ _______________________________________, со адреса на живеење: ___________________________________________, од ____________ (*град / општина*), жител на _____________ (*град / општина*), на возраст ___________ години,

номиниран/а од организацијата / здружението / друга форма на здружување и организирање на млади (*да се наведе*): _______________________________________________________________, за претставник во Иницијативниот одбор за конституирање на Локалното собрание на млади во Општина Бутел, под морална, материјална и кривична одговорност изјавувам дека ја прифаќам номинацијата за претставник/чка во Иницијативниот одбор и ќе учествувам во процесот на конституирање на Локалното собрание на млади во Општина Бутел.

______________________________________
**(име, презиме и потпис на изјавителот)**

**Датум:** _____________

**Место:** _____________

*Забелешка: Оваа Изјава ја пополнува секое номинирано лице*